


Почитувани читатели и соработници,

Со најновиот Билтен број 35 на ЗГ ЦеПроСАРД, Ви посакуваме сѐ најубаво во Новата 2023 година и весели Божиќни празници.

Во време на значајни турбуленции во однос на безбедноста и нестабилноста од економска, социјална и општествена гледна точка во нашата заедница, ја започнуваме 15-тата година од нашето постоење.

Соочени со последните геополитички случувања на глобално ниво, проследени со висока инфлација, неповолна зависност од енергија, суровини, лекови и храна, сите ние (поединци, бизниси, граѓански организации, институции) се наоѓаме пред огромни предизвици. Но и покрај тоа, нашиот тим неуморно го поддржува спроведувањето на јасните приоритети преку активности за подобрување на социо-економската перспектива. Нашето делување на терен е препознаено по поддршката на ранливите групи граѓани преку спроведување на активности за поддршка на социјалното претприемништво, формирањето и функционалното оспособување на станбени единици за живеење со поддршка на лицата со попреченост раселени од СЗ Демир Капија и справување со зависноста од енергија преку уште посилна ориентација кон обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност.

Сметаме дека јакнењето на граѓанско општество е суштинско за демократските процеси и за унапредувањето и промовирањето на заедничките вредности во заедницата. Ве покануваме во 2023 година да ни се придружите и заедно да продолжиме, вмрежени и посилни да го градиме нашето општество следејќи го трендот *„Граѓански организации: столб на демократијата и клучен играч за надминување на тековните предизвици“.*

Повеќе информации за активностите во изминатиот период ќе најдете во продолжението на овој билтен.
Срдечен поздрав од целиот тим на ЦеПроСАРД.

## WE RISE BY LIFTING OTHERS







Проектната единица на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР“ , како и до сега, така и ова тримесчје континуирано и неуморно работеше на успешно и навремено постигнување на проектните резултати и цели.

Во месец октомври, заедно со проектниот партнер Фондација Лоза од Шведска, извршивме посета на неколку ново-отворени станбени единици во Демир Капија и Градско при проектот, како и посета на Специјалниот Завод Демир Капија. Проектниот партнер ја поздрави успешноста во постигнатите резултати со преселбата на корисниците од СЗДК.

Во месец ноември, во рамки на проектот ја ***отворивме 9-тата станбена единица за живеење со поддршка во заедницата во Башино Село***, од вкупно 10 планирани групни дома. Во неа се преселени уште пет корисници од Специјалниот Завод Демир Капија и со оваа станбена единица раководи лиценцираниот приватен давател на социјални услуги во заедницата – „Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес“.
Досега со имплементацијата на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“ ***преселени се вкупно 45 корисници од СЗДК во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата***.

Во текот на ова тримесечје, проектната единица на проектот ТИМОР подготвуваше ***тринеделен План за спорведување на хориткултурни активности при станбените единици за живеење со поддршка во заедницата***, воспостовени во рамките на проектот. Подготовката на ваквиот План има за цел да пружи идеи и насоки за спроведување на окупациони-хортикултурни активности во домашни услови, а да предизвика активна рехабилитација, окупација и интеракција кај корисниците. За комплетно и успешно спроведување на Планот, како и соодветно репортирање до проектната единица беа задолжени ангажираните асистенти за поддржано живеење и координаторите при станбените единции, ангажирани во рамки на проектот ТИМОР.

На 16.12.2022 го одржавме и нашиот ***9-ти состанок на Конзорциум***, на кој присуствуваа ССЕР и

Фондација Лоза од Шведска и истиот беше одржан онлајн, преку ZOOM платформата. На состанокот беа презентирани постигнатиот проектен прогрес и цели во периодот од септември-декември, причините за барањето на no-cost продолжување на проектот ТИМОР до Евроспска Делегација, соработката со локалните самоуправи, како и редовното одвивање на хортикултурни активности во 9-те станбени единици воспоставени во рамките на проекто ТИМОР. На состанокот беа презентирани и идните предвидени активности по одобрувањето за продолжувањето на проектот, зголемување на видливоста на проектните резултати кон крајот на проектот ТИМОР, како и подобруваање на соработката со проектните партнери.

Во месец декември проектот исто така доби ***одобрување за no-cost продолжување на проектот од страна на Европската Делегација во период од 4 дополнителни месеци***, во периодот јануари 2023 - април 2023. Во овој дополнителен период, проектната единица ќе работи на подобрување на условите и квалитетот на живот на преселените корисници во станбените единици со обезбедување дополнителни помагала, медицинска опрема и артикли за олеснување на секојдневното функционирање во домот и ќе работи на реализација на окупационата хортикултурна терапија на корисниците која има значаен придонес во развојот на нивните психо-физички способности. До крајот на месец април 2023 година ќе биде и финализирана публикацијата - Монографија - Заедно за повеќе можности и поддршка и ќе се организира Завршен Настан за заокружување на една приказна која донесе многу позитивни промени и видливи резултати.

Доколку сакате да прочитате повеќе информации проектните цели и резултати на нашата веб страница, кликнете овде.










*Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.*

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Специјален Завод "Демир Капија";
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска
- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

## *Проект Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот - "Не оставај никој зад себе"*

Во ова изминато тромесечие, ***социјалните организации добитници на грантови од отворениот повик за доделување грантови започнаа со имплементација на регрантираните проектни апликации.*** Целта на повикот за регрантирање е зајакнување на оперативните капацитетите и вештините на претпријатијата и поддршка на развојот на нови и постојни социјални претпријатија. Во текот на месец октомври беа потпишани договорите со 6-те избрани организации: Друштво за производство, трговија и услуга ВАЈС Груп ДООЕЛ Скопје - проект: Трансформирање на конвенционалните синџири на снабдување на винариите во циркуларни; Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје, проект - Селото за градот, градот за селото; Здружение за заштита на животна средина и едукација на деца и млади ЕКО ЛАЈФ Гевгелија, проект - Вработување на ранливи групи граѓани во производство на еко плочки за надворешна употреба и воспоставување на систем за правилно управување со отпадна пластика и негово одржување; Рурална Коалиција, проект - Економско и социјално јакнење на жените од руралните средини преку создавање на трајни пазарни врски; Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива"-Делчево - проект Клуб за професионална рехабилитација и социјална инклузија „ Интегра";
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) - проект ПОГОН – уникатна платформа.

Добитните проектни апликации се насочени кон делување на претприемачки начин, создаваат иновативни и неконвенционални решенија за тековните општествени предизвици, креираат вредност за општеството и за сите засегнати страни.

Комисијата за избор и селекција на социјални организации ги оцени пријавите поднесени во рамките на повикот за доделување грантови за поддршка на развојот на нови и постојни социјални претпријатија и одобри 6 грантисти кои спроведуваат иновативни иницијативи во доменот на социјалното претприемништво. Во текот на спроведувањето на регрантираните проектни апликации во рамките на проектот, ќе се продолжи градењето на мрежата за вмрежување на социјалните претпријатија со единиците на локалната самоуправа каде делуваат, со јавните иституции и бизнис секторот за чија цел во изминатите месеци на имплементација на проектот беа потпишани 10 меморандуми за соработка.

Проекната единица за имплементација во месец ноември започна со **мониторинг средби за текот на спроведувањето на проектните активности на регрантираните организации** и во текот на целосната имплементација на проектните апликации ќе врши увид и мониторинг на работата, кое ќе биде споделено на веб страната на проектот за Поддршка на Социјални Претпријатија. Споделувањето на позитивни практики ќе можете целосно да го следите на следниот линк: https://www.posop.mk/

Истовремено, во рамките на проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" се работи на поддржување **нови одржливи вработувања на најмалку 9 лица од ранливите групи граѓани**.

Проектот е финансиран од Европската Унија.
Период на имплементација декември 2021 - мај 2023

Доколку сакате да прочитате повеќе информации за проектот на нашата веб страница, кликнете овде.














*Copyright © 2022 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.